СТОМАТОЛОШКАКОМОРАНАМАКЕДОНИЈА
ODASTOMATOLOGJIKEEMAQEDONISË
MACEDONIANDENTALCHAMBER

Бр. 03-804/3

Скопје, 26.03.2025 година

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERILT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
MINISTRIA E SHËNDETËSISË
СКОПЈЕ - SHKUP

Примено / E pranuar			
Орг. Единица / Njësia Org.	Број / Numër	27-03-2025 Прилог / Shtojcë	Вредност / Vlera

До

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

- министер за здравство Проф. д-р Арбен Таравари

Врска:

- Извештај од ***Комисијата за вршење надзор над законитоста на работата во вршењето на јавното овластување*** од спроведен надзор над законитоста на работата и над законитоста на работата во вршењето на јавното овластување на Стоматолошката комора на Македонија бр. 17-2579/1 од 25.02.2025 година
- Известување од ***министерот за здравство*** во врска со Извештај од работата на Комисијата за вршење на надзор над законитоста на работата во вршењето на јавното овластување на Стоматолошката комора на Македонија бр. 17-2579/2 од 11.03.2025 година

ПРЕДМЕТ: **ПОСТАПУВАЊЕ ПО ИЗВЕСТУВАЊЕ со Барање за доставување насоки за постапување**

ПРИЛОГ: Приговор на Извештај од Комисијата за вршење надзор над законитоста на работата во вршењето на јавното овластување од спроведен надзор над законитоста на работата и над законитоста на работата во вршењето на јавното овластување на Стоматолошката комора на Македонија бр. 17-2579/1 од 25.02.2025 година со докази

Министерството за здравство е наш партнер во работењето и нераскинлива алка во правилно исполнување на јавните овластувања кои ни се доделени согласно одредбите на Законот за здравствената заштита од 2004 година.

Комората, преку Претседателот, ја искажува својата подготвеност за надминување на наведените забелешки во Известувањето од министерот за здравство, а во таа насока чувствуваме и потреба да Ви се обратиме за дополнително објаснување по доставените забелешки.

Иако до Комората се доставени документи кои произлегуваат од работата на Министерството за здравство, а се заверени со факсимил на министерот проф. д-р Таравари, почитувајќи го Министерството како орган надлежен за вршење надзор над работата на Коморите во вршење на јавните овластувања, истите ги разгледавме со особено внимание и по приемот на Известувањето ПОСТАПИВМЕ на начин што ги презедовме следните дејствија:

Точка 1

Комисијата за стручни стоматолошки прашања на Комората согласно одредбите на член 25 од Правилникот за КСУ, а во врска со член 6 и член 13 од Деловникот за работа на Комисијата за стручни стоматолошки прашања врши избор на спроведувачи на облици на КСУ и предлага текст на договор кој го потпишуваат Комората и организаторот.

Комисијата за стручни стоматолошки прашања на Комората изборот го врши како што налага и Законот за здравствена заштита согласно член 226.

Па така, **согласно член 266 од Законот за здравствена заштита, здравствените работници од одделни специјалности можат да се здружуваат во стручни здруженија во составот на** Македонското лекарско друштво, **Македонско стоматолошко друштво** и Македонско фармацевтско друштво **и во други** лекарски, **стоматолошки** и фармацевтски **друштва, особено заради следење на достигнувањата и унапредувањата во одделни гранки на** медицината, **стоматологијата,** односно фармацијата.

Согласно став 2 на истиот член, Македонското лекарско друштво, **МАКЕДОНСКО СТОМАТОЛОШКО ДРУШТВО,** Македонско фармацевтско друштво **и други** лекарски, стоматолошки и фармацевтски **друштва, ПРЕКУ СТРУЧНИТЕ ЗДРУЖЕНИЈА И ПРЕКУ ДРУГИ СТРУЧНИ ЗДРУЖЕНИЈА организираат различни форми на стручно усовршување на здравствените работници,** учествуваат во изработувањето стручни упатства за работа по одделни специјалности и предлагаат мерки за унапредување на стручната работа на здравствените работници.

Македонско стоматолошко друштво (МСД) и Стоматолошко друштво на Албанците (СДА), и Друштвото на доктори на дентална медицина на Македонија Куманово (ДДДММ), **во тековните состојби издадени од Централен регистар имаат ист организационен облик 10.4. и имаат идентичен статус, а согласно нивниот Статут своите цели и задачи ги остваруваат преку здруженијата во состав,** па истите биле избрани од страна на Комората.

Ваквиот начин на акредитација на избрани спроведувачи на друштва датира уште од 2006 година, кога прв акредитиран спроведувач биле здруженијата при МСД, како и од периодот 2017-2021 година, со избирање на истите и со потпишани договори од тогашниот претседател на Комората, проф. д-р Владимир Поповски.

Во врска со овој случај **побарана е информација и од Лекарската комора на Република Северна Македонија** за начинот на спроведување на континуираното стручно усовршување и од Македонското лекарско друштво.

Македонското лекарско друштво функционира на идентичен начин. Во состав на Македонското лекарско друштво постојат 73 здруженија и ниту едно не е правен субјект.

Стручните здруженија на МЛД функционираат во состав на друштвото, како што е случај и со здруженијата во состав на стоматолошките друштва и работат со наменските подсметки на Друштвата, односно немаат сопствена жиро сметка, туку имаат шифра под која се водат(на пр.МЛД) , што може да се провери во Централен регистар на Република Северна Македонија и Управата за јавни приходи (пр. во состав на МЛД се Здружението на микробиолози на Македонија, под шифра 022; Македонското здружение на трансфузиолози се води под шифра 023, како и Интердисциплинарното здружение на лекари за добра пракса, Македонското невролошко здружение при МЛД (за што најдобро и Вие имате сознание со оглед што претпоставуваме дека сте член во истото).

Идентична е состојбата и во Фармацевтската Комора на Северна Македонија.

ДОКАЗ 1:

- https://kme.mld.mk/
- https://kme.mld.mk/%d0%ba%d0%b0%d0%bb%d0%b5%d0%bd%d0%b4%d0%b0%d1%80-%d0%bd%d0%b0-%d0%bd%d0%b0%d1%81%d1%82%d0%b0%d0%bd%d0%b8-%d0%ba%d0%bc%d0%b5/
- https://mld.mk/clenarini-za-zdruzenija/

Би сакале да појасниме дека **Комората, и пред добивање на Извештајот од Министерството,** (поради причини кои не се поврзани со наводите за кои Ви се обраќаме, а се однесуваат повеќе на тенденција на Комората за намалување на број на организатори и зголемување на квалитетот на КСУ) **има доставено известување до сите избрани спроведувачи на КСУ во состав на друштва да се регистрираат како посебни правни субјекти до март 2025 година,** иако **и понатаму остануваме на ставот** дека согласно закон, **регистрационата форма е прашање на друштвата**, а Комората во рамките на своите надлежности, се обраќа до друштвата со статутарно утврдени здруженија.

ДОКАЗ 2:

- Одлука бр. 02-1229/15 од 12.11.2024 на Извршниот одбор:
- Одлука бр. 17-1368/3 од 05.12.2024 г. на Комисијата за стручни стоматолошки прашања;
- Известување до акредитирани спроведувачи на КСУ бр. 12-1472/1 од 17.12.2024 г.

Па како што и наведовме во воведниот дел **Комората, преку Претседателот**, ја искажува својата подготвеност за надминување на наведените забелешки во Известувањето од Министерот за здравство, и во таа насока **сите склучените договори со Друштвата за периодот од 26.06.2024 година до 22.06.2025 година и ги суспендира во делот на здруженијата во состав на Друштвата**, (при што сакаме да појасниме дека не е точен податокот дека се склучени 26 договори, **туку само 5 договори** врз основа на издадено соопштение по одлука на Уставен суд У.бр. 147/21).

ДОКАЗ 3:

- Решенија за ставање вон сила на договори бр. 17-825/4,5,6 од 24.03.2025 г. на Комисијата за стручни стоматолошки прашања;
- Известувања бр. 17-825/7,8 и 9 од 24.03.2025 за измена на склучени Договори;

Сите претходни решенија се суспендирани и не се во важност, ниту претходно склучените договори произведуваат правно дејство по објавата на **одлука на Уставен суд У.бр. 147/21 во Службен весник на РМ.**

При тоа Комората по донесување на времената мерка немаше што да запира, зошто правните импликации на времената мерка веќе беа реализирани пред објавувањето на времената мерка.

Не е без значение дека Уставниот суд донесе укинувачка одлука што значи дека одлуката има pro future дејство, односно од моментот на донесување и објавување во Службен весник па во иднина.

По однос на оваа точка молиме да ни појасните што ПОНАТАМУ да преземе Комората, а ДА НЕ Е НА ШТЕТА НА ЈАВНИОТ ИНТЕРЕС и на сите доктори на стоматологија-членови на Комората, но и на сите лиценцирани здравствени работници во државата со оглед дека сите во последните 20-ина години се стекнуваат со лиценци помеѓу останатото и врз основ на посетување на едукативни настани организирани од здруженија кои се во состав на здравствените друштва?

Точка 2

Комората, преку Претседателот, ја искажува својата подготвеност за надминување на наведените забелешки во Известувањето од министерот за здравство, но молиме за појаснување што да постапиме согласно точка 2 од Известувањето.

Формата и содржината на доказот за посетен облик на континуирано стручно усовршување (сертификат), со точен облик, формат, задолжителен текст и останатите параметри кои треба да ги содржат, е уредена со одредбите (член 26-28) на Правилникот за облиците на континуирано стручно усовршување, критериумите за распоредување на облиците, критериумите за избор на спроведувачите на облиците на континуирано стручно усовршување и бодовите на континуирано стручно усовршување за обновување на лиценцата за работа за здравствените работници со високо образование од областа на стоматологијата (''Службен весник на РМ'' бр. 62/17 и ''Службен весник на РСМ'' бр.217/20), кој е општ акт на кој согласност дава министерот за здравство!

Во однос на сертификатите **веќе е извршен надзор од страна на Министерството за здравство во 2022 година, при што НЕ СЕ констатирани никакви неправилности во начинот на спроведување на континуираната стручна едукација** и за истото се изјаснило во Извештајот од спроведен надзор на работата на Комората бр. 17-5008/3!

Доколку Министерството оформило поинакво мислење од она искажано во Извештајот од спроведен надзор на работата на Комората бр. 17-5008/3 од 18.11.2022 година, Ве молиме да не известите за евентуално постоење на нови факти и КАКО ДА ПОСТАПИМЕ.

Напомена:

Видно од прилозите кои ги доставуваме, **Комората не издава сертификати.**

Споменатите сертификатите што ги доделуваат спроведувачите на континуирано стручно усовршување се исправи кои согласно одредбите на Правилникот **Комората само ги вреднува (бодира)**, но од друга страна, согласно член 21 од Правилникот за КСУ, Комората ниту според закон, ниту според Правилник, нема право да вреднува само облици на континуирана стручна едукација на акредитирани спроведувачи кои се регистрирани во Централен регистар на РСМ, туку може, треба и мора да вреднува и ***облици на континуирана стручна едукација организирана од официјални светски, европски и регионални друштва/здруженија (најмалку пет држави од регионот) или во организација на земји членкои на ОЕЦД, организирани во странство и и облици од земји со чии официјални комори/асоцијации СКМ има партнерски договори акредитирани од истите.***

На ова само уште би додале дека Комората има обврска согласно Правилникот за КСУ, член 21, да вреднува и т.н. електронски (online) едукации, домашни и меѓународни, доколку за посетувањето има доказ и максимално еднаш годишно.

Во прилог Ви доставуваме копии од сертификати кои Комората ги вреднува.

ДОКАЗ 4: Сертификати

Точка 3

3.1

Комората, преку Претседателот, ја искажува својата подготвеност за надминување на наведените забелешки во Известувањето од Министерот за здравство, но молиме појаснување што да постапиме согласно точка 3 од Известувањето поради фактот дека Стоматолошката Комора на Македонија **во целост го испочитува решението на Уставниот суд од 21.02.2024 година,** како и

напатствијата дадени од страна на Уставниот суд во Одлуката на Уставниот суд од 15.05.2024 година, **со што го прифати мислењето на Уставниот суд и неговата одлука, и за истото го извести и Судот.**

Како што наведовме и во точка 1 сите претходни решенија се суспендирани и не се во важност, ниту претходно склучените договори произведуваат правно дејство **по објавата на одлука** на Уставен суд У.бр. 147/21 во Службен весник на РМ.

При тоа Комората по донесување на времената мерка немаше што да запира, зошто правните импликации на времената мерка *веќе беа реализирани пред објавувањето на времената мерка.* Не е без значение дека Уставниот суд донесе укинувачка одлука што значи дека одлуката има pro future дејство, односно од моментот на донесување и објавување во Службен весник па во иднина.

ДОКАЗ 5:

- **Записник од 25.03.2024 година на комисија за стручни стоматолошки прашања (значи пред објавувањето на времената мерка);**
- **Известување до Уставен суд бр. 03-954/2 од 20.09.2024 г.**

3.2

Понатаму сакаме да додадеме дека за наводно непочитување на посочената судската одлука, како и за други дејствија побврзани со наведената Времена мерка и Одлука на Уставниот суд беше поднесена и **кривична пријава** како против Претседателот на комората како физичко лице, така и против Стоматолошката комора на Македонија како правно лице, која од страна на **ОЈО** беше отфрлена, по што подносителите се жалеа и до **Вишото обвинителство, кое исто потврди дека нема основ за покренување на кривична постапка.**

ДОКАЗ 6: Покана за испитување III КО бр. 3344/24 од ОЈО СКОПЈЕ;

Дополнително ќе го доставиме доказот за отфрлање, заради краткиот рок определен во известувањето не можевме да го обезбедиме.

3.3

Од страна на ЗПЗСУ-ПДДМ Кавадарци кое здружение ја поднело пријавата до Министерството, поднесена е иницијатива и до Уставниот суд на Република Северна Македонија за оценување на законитоста на Соопштение број 02-763/1 од 10.06.2024 година од страна на Претсдедателот на Комората.

Од страна на Стоматолошката комора на Македонија, до Уставниот суд на ден 20.09.2024 година под број СУ 558/24/2 **доставен е одговор на барањето за наводно непочитување на решението на Уставниот суд У.бр. 147/21 од 21.02.2024 година**, како и напатствијата дадени од страна на Уставниот суд во Одлуката на Уставниот суд од 15.05.2024 година.

Соопштението е доставено во прилог на Одговорот бр. 03-954/2 до Судот (бр. СУ 558/24/2), па сметаме дека Уставниот суд по сопствена иницијатива би оформил предмет **доколку Соопштението е спротивно на некој акт или ќе и беше укажано на Стоматолошката комора дека постапува спротивно на напатствијата на Уставниот суд.**

Точка 4

Комората, преку Претседателот, ја искажува својата подготвеност за надминување на наведените забелешки во Известувањето од Министерот за здравство но молиме појаснување што да постапиме согласно точка 4 од Известувањето.

... ''при што се склучувани договори ретроградно, односно пред здруженијата да имаат поднесено барање за издавање на вакво решение''.

Комората смета дека нема ретроактивно склучени договори (покрај тоа што заради постапувањето од точка 1 на ова Известување отпаѓа и евентуалното постапување по оваа точка), појаснуваме дека барањата од страна на здруженијата се поднесени на 14.06.2024 година, а Договорите се склучени на 26.06.2024 година.

Затоа Вас, како министер за здравство, Ве прашуваме и Ве молиме за насоки, во кој правец е најцелисходно да се постапи, со оглед дека во се е постапено?

СМЕТАМЕ ДЕКА СЕРИОЗНОСТА НА ИНСТИТУТОТ "ОДЗЕМАЊЕ НА ЈАВНО ОВЛАСТУВАЊЕ" со леснотија е употребена во содржината на Известувањето, и БЕЗ ПОСТОЕЊЕ НА ЦВРСТИ ОСНОВИ И БЕЗ ДА СЕ води сметка за ЈАВНИОТ ИНТЕРЕС и на ПОСЛЕДИЦИТЕ ПО РАБОТАТА И ОПСТАНОКОТ на 2.850 доктори на стоматологија со активна лиценца за работа, според податоците во Регистарот на издадени, обновени и продолжени лиценци за работа кој, согласно Законот го води Стоматолошката комора на Македонија.

Заради тоа Комората е подготвена да постапи и во останатиот дел, но од доставениот Извештај НЕ Е ЈАСНО ШТО Е НЕДОСТАТОКОТ и ВО ШТО СЕ СОСТОИ, па од таа причина ДАДОВМЕ И ПРИГОВОР НА ИЗВЕШТАЈОТ и молиме за дополнување и појаснување на Извештајот, со цел правилно и јасно утврдување на недостатокот како би можела Комората да постапи согласно насоките.

Во врска со Извештајот сакаме да напоменеме, но и да Ве известиме, дека пред и по спроведување на надзорот немавме увид во доказниот материјал, бидејќи не ни беше доставена ниту Претставката, ниту т.н. *"107 докази"*, и покрај ветувањето од страна на членовите на Комисијата дека ќе ни бидат доставени и единствено што имавме можност беше да ни ја дадат претставката.

Почитуван министер, сметаме дека ваквата интенција за одземање на јавните овластувања би можела да доведе до сериозни импликации по целиот здравствен систем, кое се однесува на на останатите медицински комори, кои исто така преку т.н. *"нелегални здруженија"* спроведуваат континуирана стручна едукација.

Со почит ,

Скопје, 26.03.2025 година

СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА,

Претседател,

д-р Маријан Денковски

М.П.